ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 29 ДАТА 27.07.2016 ГОДИНА 34

ФФМ ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 29 ДАТА 27.07.2016 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- РЕШЕНИЈА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО

**Седница од 26.07.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ВАРДАР„ Неготино: Димитриевиќ З. Стефан од ГФК „Неготино„ од Неготино, Манев Н. Перар, Митиќ Р. Душко, Најдов Ѓ. Орце, Зазов Ѓ. Живко, Камендолиев М. Димитар, Гогов Г. Борче, Јованов Г. Стефан, Вучков С. Бојан, Камчев Т. Ристе, Станковиќ Г. Борче, Рустемов Џ. Шаин, Дојков П. Кристијан, Јовановиќ З. Михајло, Темелковски Н. Тошко, Груевски М. Раде, Петров Т. Стефан, Јанчев И. Игно, Стратиев Б. Ѓорѓи, Паунов В. Живко од ФК „Јанг Боис„ од Неготино, по член 35/3.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Арсовски Дарко, Дончев Петар и Чоков Виктор од Фудбалскиот клуб „Јанг Боис„ од Неготино за ГФК „Вардар„ од Неготино, по член 35/3 поради неисправна документација. Во пријавите за регистрација стои досегашен клуб ГФК „Вардар„ од Неготино, а исписниците се од ФК „Јанг Боис„ Неготино.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 26.07.2016 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци фудбалерот Јанкулов З. Димитар од ФК „Тиквеш 2014„ од Кавадарци поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 26.07.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЊУ СТАРС„ Скопје: Јосифовски М. Матеј, по член 35/1.
Шеипи Р. Ријад од ФК „Сарај„ од Скопје, по член 35/3.
Мухарем Џ. Емре од ФК „Сарај„ од Скопје, по член 35/10.

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и фудбалерот Акгун Ј. Енес Кан го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал број 779/2016 од 17.02.2016 година, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Скопје фудбалерите: Андонов Г. Дарко, Богдановски С. Стефан, Насевски А. Иванче од ФК „Љубанци 1974„ од с. Љубанци, Акгун Ј. Енес Кан од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, Илиевски А. Иван, Димчевски И. Матеј од ФК „Њу Старс„ од Скопје, Един Х. Скендеровиќ од ФК „Риниа 98„ од с. Свиларе, поради преминување во друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО

**Седница од 19.07.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МЛАДОСТ„ с.Удово: Ристенски Д. Раде од ФК „Кожуф Гевгелија„ с. Миравци, чл.35/3

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Седница од 25.07.2016 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „КРАТЕРКИ„ Кратово: Алексова Д.Анѓела, Стојевска Ј.Михаела, Митева Ј. Моника Ценева И. Сара, Пановска Б. Јована, Додевска О. Кети, Велковска З. Ружица Трајковска Т. Мила, Гиева С.Дијана, Давиткова И.Сара, Јакимова И. Бојана Доневска Ј. Моника, Пицанова Т. Јована, Крстевска Ч. Тамара, Тодосова П. Ива, Костадиновска Ј. Емилија, Арсовска Г. Санела, Неделковска М. Сара, Илиевска С.Анастасија, Неделковска М. Ангела, Зарева Т. Ива, Младеновска Б. Стефани, Митевска Ј. Наталија, Јакимова Г. Марија, Стојчевска Ј. Јована, Ѓорѓиевска И.Јована, Трифуновска И.Викторија и Митевска Ј. Марина, по чл. 35/1.

**Седница од 26.07.2016 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Насевски А. Иванче од ФК „Љубанци 1974„ од с. Љубанци, по член 35/3.

Тодоровски И. Антонио, Павловски Б. Михаил, Мемедовски Ф. Таркан, Бошковски О. Марио и Петров Љ. Антонио, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 21.07.2016 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РЕНОВА АД„ с. Џепчиште: Мисими М. Бесник, по член 35/1.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Хаџо В. Еглант од ФК „Тербуни„ од Пуке, Република Албанија за ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште, по член 35/11 бидејќи нема сертификат и одобрение од меѓународна комисија на ФФМ. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 1 година.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Мамути А. Кајзер за ФК „Чаклани„ од с. Г. Палчиште по член 35/1, бидејќи нема доставено пријава за регистрација и документ зџа идентификација на фудбалерот.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 26.07.2016 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БУКОВО„ с. Буково: Мусовски С. Ване, по член 35/1.

ФК „ЛГ СПОРТ„ Битола: Петровски З. Александар, Ѓешовски А. Андреј, Рабаџиевски З. Давид, Марковски И. Павел и Алексовски Р. Кристијан, по член 35/1.

ФК „ПАРТИЗАН„ с. Добрушево: Талевски В.Филип и Трајковски Ј. Христијан, по чл.35/1. Стојчевски М. Никола од ФК „Лисолај 2010„ од с. Лисолај, Тировски З. Никола од ФК „Напредок„ од с. Ношпал, Марковски Г. Саше, Вељановски М. Пеце и Груевски З. Влатко од ФК „Пелагонија„ од с. Трап, Лазаревски С. Благојче, Јошевски Р. Горан, Талевски С. Зоранче и Петровски Ц. Николче од ФК „Младост„ од с. Дедебалци, Цветковски Б.Стефан, Груевски Д. Деан и Марковски Т. Марјанче од ФК „Новаци 2011„ од с. Новаци, по член 35/3.

ФК „ЦРНА РЕКА„ с. Чарлија: Цветановски Ц. Пеце, Пејковски Б. Вељан и Веизовски С. Муса од ФК „Могила Бимилк„ од с. Могила, по член 35/3.

ФК „ФОРЦА СПОРТ„ Битола: Сиванов С. Алек, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Битола фудбалерот Цветаноски А. Дејан од ФК „Пелистер АД„ од Битола поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерите: Родригез Де Араујо А. Фернандо Аугусто од ФК „Униао Рекреатива дос Трабалхадорес„ од Бразил и Фереиро Кардосо Ж. Лукас од ФК „Рио Бранко„ Бразил за ФК „Пелистер АД„ Битола по член 35/11, поради немање на сертификати и одобренија од Меѓународна комисија на ФФМ. Не се објавуваат и нивните професионални договори во времетраење од по 2 години.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП
**Седница од 26.07.2016 година**

- **Трансформација на фудбалски клуб:**

Друштвото за спортски активности Фудбалски клуб „Победа„ ДОО Прилеп се трансформира во Друштво за спортски активности Фудбалсаки клуб „Победа АД„ Прилеп, согласно решението на Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 6588689 од 12.07.2016 година.

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПОБЕДА АД„ Прилеп: Цветаноски А. Дејан од ФК „Пелистер АД„ од Битола, Аломеровиќ Х. Ќемал од ФК „Академија Пандев„ од Струмица, Илијовски Ѓ. Ристе од ФК „Младост АД„ од с. Царев Двор, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Прилеп фудбалерот Петејчук А. Анатолиј од ФК „Талент„ од Прилеп, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат склучените професионални договори помеѓу ФК „Подбеда АД„ од Прилеп и фудбалерите: Дунимагловски Љ. Стојанче, Петрески М. Христијан, Наумоски Т. Јорданчо и Шаркоски Љ. Николче, во времетраење од по 2 години, до Летен преоден док 2018 година, поради некомплетна документација на договорот. Немаат доставено документ за вработување од Агенцијата за вработување на Р. Македонија - М1 и М2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР
**Седница од 25.07.2016 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар фудбалерите: Велковски С. Славчо од Фудбалскиот клуб „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар и Јакупи Џ. Берат од Фудбалскиот клуб „Врапчиште„ од с. Врапчиште, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалкски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА
**Седница од 25.07.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВЛАЗНИМИ„ Струга: Усеинов Р. Роберт и Полиси А. Арди од ФК „Фламуртари„ од с. Радолишта, по член 35/3.

ФК „СТРУГА ТРИМ ЉУМ„ Струга. Далчески Д. Кристијан од ФК „Караорман„ од Струга и Нацаку Б. Алберт од ФК „Младост„ од с. Царев Двор, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалари при ОФС Струга фудбалерот Делчески В. Димитар од ФК „Караорман„ од Струга, поради промена со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Шопоски А. Трајан од ФК „Љабуништа 2011„ од с. Лабуништа за ФК „Струга Трим Љум„ од Струга по член 35/10, поради погрешен член на регистрацијата од Правилникот за регистрација на ФФМ.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ
**Седница одржана на ден 26.07.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ФОРТУНА 2009„ н. Ченто, Скопје: Љимани Р.Арљинд, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС „Гази Баба„ од Скопје фудбалерот Апостоловски Р. Кристијан од ФК „Вардар АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА
**Седница од 26.07.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „СЦ ИСТАТОВ 2015„ Нов Дојран: Чакмакоска Б. Елена од ЖФК „Кочани„ Кочани по член 35/3.

Чубриновска З. Јана од ЖФК „Кочани„ од Кочани, по член 35/10.

ФК „ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО„ Нов Дојран: Механџиски Џ. Виктор од ФК „СЦ Истатов„ од Нов Дојран, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гевгелија, фудбалерите: Ацковска С. Јана и Наумоф Џ. Мирјана поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалкси сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ
**Седница одржана на ден 26.07.2016 година**

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрациите на фудбалерките: Стојковска Ангела и Хусеин Сара за ЖФК „Драгон 2014„ Скопје бидејќи овие фудбалерки се објавени.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерката Марковска Александра од ЖФК „Спартак„ од Суботица за ЖФК „Драгон 2014„ од Скопје, по член 35/11 бидејќи нема сертификат и одобрение од Меѓународна комисија на ФФМ.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 18.07.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „АКАДЕМИЈА ПАНДЕВ„ Струмица: Спасов З. Никола, Крстев О. Христијан, чл.35/1 Најдов Л. Трајче од ФК „Тиквеш 2014„ од Кавадарци, Симјановски Б. Мирко од ФК „Младост АД„ од с. Царев Двор, Димов Т. Диме од ФК „Хоризонт Турново АД„ с. Турново, Скендери М. Емир од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, Петровски С. Филип од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје и Донов В. Илија од ГФК „Неготино„ од Неготино, по член 35/3.

ФК „БЕЛАСИЦА„ Струмица: Каламадевски З. Столе од ФК „Академија Пандев„ од Струмица, Мариќ А. Бобан од ФК „Силекс АД„ од Кратово, Шопов И. Ѓорѓи од ФК „Напредок Здравје Радово„ од с. Радово, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Струмица фудбалерите: Шонтевски Илија, Јанкулов Илија и Златковски Зоран од ФК „Академија Пандев„ Струмица, Дујовски Владимир од ФК „Хоризонт Турново АД„ од с. Турново и Попов Бранко од ФК „Беласица„ од Струмица, поради преминување во друг ОФС.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Истатов З. Стефан од ФК „Кожуф Гевгелија„ од с. Миравци за ФК „Академија Пандев„ од Струмица по член 35/3, поради неисправна документација. Исписницата е со датум од 29.07.2016 година(оваа дата сеуште не е дојдена на денот на верификација) а Брисовницата е со датум од 07.07.2016 година.

**Седница од 26.07.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ХОРИЗОНТ ТУРНОВО АД„ с. Турново: Танчев П. Илија од ФК „Беласица„ од Струмица, Мерсовски А. Един од ФК „Кожуф Гевгелија" од с. Миравци, Ѓорѓиев Н. Миле од ФК „Напредок Здравје Радово„ с. Радово, Димовски М. Стојан од ФК„Тетекс АД„ Тетово, Ѓорѓиев Т.Димитар од ФК „Академија Пандев„ Струмица, по член 35/3.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Хоризонт Турново АД„ од с. Турново и фудбалерот Димовски Стојан склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2018 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Дополнување на документација од**

**Седница од 05.07.2016 година**

ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип: Петров К. Томица од ФК „Едисакос„Едеса,Грција, чл.35/11.

**Седница од 26.07.2016 година**

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип и фудбалерите: Петров К. Томица, Велковски Н. Славчо, Далчески Т. Александар, Ѓорески С. Сашо, Илијев С. Лазар, Јовановски Б. Мирослав, Костов В. Стефан, Коцев П. Стефан, Лескароски Љ. Дејан, Митров С. Иван, Нацев С. Ангел, Ристовски П. Борјан, Ристовски Ј. Стефан и Георгиев А. Бобан, склучија договори во времетраење од по 1(една) година до ЛПР 2017 година, а со фудбалерот Темелков Ј. Александар, склучија договор во времетраење од 6 (шест) месеци, до ЗПР 2017 година.

❖ **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на ргистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Штип фудбалерите: Станковиќ Д. Звонимир и Христов В. Николај од Фудбалскиот клуб „Брегалница 2008 АД„ од Штип, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Велковски Н. Бобан од Фудбалскиот клуб „Анундсјо ИФ„ од Бредбун, од Шведска за Фудбалски клуб „КИТ ГО-Пехчево„ од Штип, поради немање на сертификат и одобрение од Меѓународна комисија на Фудбалската федерација на Македонија.

Не се објавува договор за професионално занимавање со фудбал склучен помеѓу Фудбалскиот клуб „Брегалница 2008 АД„ од Штип и фудбалерот Кобетиќ З. Матија, поради некомплетна документација.

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-999/3-1
19.07 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Дејан Бошков-член и Сабри Алими член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари против Киранчиски Дејан преставник на ФК Љубанци 1974, на седницата одржана на ден 19.07.2016 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. На **Киранчиски Дејан преставник на ФК Љубанци 1974**, му се изрекува дисциплинска казна –**забрана на вршење на функција во траење од 1 (еден)месец.**

2. Казната почнува да тече од 19.07.2016

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување, против Киранчиски Дејан преставник на ФК Љубанци 1974, поради неспортски однос и вулгарно однесување према главниот судија на натпреварот поради што е одстранет во 64 мин од натпреварот, по пријава од делегатот и главниот судија на натпреварот,пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од натпреварот делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот,помеѓу ЗФК Новаци 2005-ФК Љубанци 1974,бараж натпревар за Втора МФЛ на 29.05.2016 година на Игралиште Градски стадион Кичево во 16.00 часот,утврдува дека Киранчиски Дејан преставник на ФК Љубанци 1974 неспортски и вулгарно се однесувал према главниот судија на натпреварот ,со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ , Комисијата одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Љубанци 1974**
**Подносител на пријавата – Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801-999/3-1

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-999/4-1
19.07 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравески – Претседател, Дејан Бошков-член и Сабри Алими член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари против Смилески Зоран шеф на стручниот штаб на ФК Љубанци 1974, на ден 19.07.2016 година ја донесе следната: ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Смилески Зоран шеф на стручниот штаб на ФК Љубанци 1974,**, му се изрекува ОПОМЕНА.

2. Казната почнува да тече од 19.07.2016

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување, против Смилески Зоран шеф на стручниот штаб на ФК Љубанци 1974,поради неспортски однос и вулгарно однесување према главниот судија на натпреварот поради што е одстранет во 90+1 мин од натпреварот, по пријава од делегатот и главниот судија на натпреварот,пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од натпреварот делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот,помеѓу ЗФК Новаци 2005-ФК Љубанци 1974,бараж натпревар за Втора МФЛ на 29.05.2016 година на Игралиште Градски стадион Кичево во 16.00 утврдува дека Смилески Зоран шеф на стручниот штаб на ФК Љубанци 1974,неспортски се однесувал према главниот судија на натпреварот ,со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ , Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, и од причина што од направените прекршок не настанале и не биле предизвикани штетни последици, утврди дека постојат олеснителни околности и дека и со вака утврдена мерка може да се постигне целта на казнувањето, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Бранко Здравески**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Љубанци 1974**
**МАКФУДБАЛ**
**АРХИВА НА ФФМ**

Деловоден бр. 0801-999/4-1

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-784/5-1
19.07 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач,Дејан Бошков-член и Сабри Алими член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против ФК Вардар АД Скопје , по што врз основа на член 48 став 1 точка 1 алинеа 2 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, на седницата одржана на 19.07.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. ФК Вардар АД Скопје **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 500 (петстотини) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Вардар АД Скопје , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Казната тече од.19.07.2016 година.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, поведе дисциплинска постапка на ден 27.05.2016 година против ФК Вардар АД Скопје поради поради употреба на пиротехника во тек на натпреварот на натпреварот помеѓу ФК Работнички АД Скопје - Вардар АД Скопје одигран на ден 19.05.2016 година во 16.30 часот на Игралиште Национална Арена Филип II Македонски.
Комисијата на седницата одржана на ден 19.07.2016 година, постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот од одигран на ден 19.05.2016 година и Делегатски дополнителен извештај.
Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:
Навивачката група на Ф.К.Вардар во текот на натпреварот употребувала разни пиротехнички средтсва.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 48 став 1 точка 1 алинеа 2 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД СкопјеДН:**

**ФК Вардар АД Скопје**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-784/8-1
19.07 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравески – Претседател, Дејан Бошков-член и Сабри Алими -член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари против Јане Николовски, шеф на стручниот штаб на ФК Хоризонт Турново АД Турново, на ден 19.07.2016 година ја донесе следната: ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Јане Николовски, шеф на стручниот штаб на ФК Хоризонт Турново АД Турново** му се изрекува ОПОМЕНА.

2. Казната почнува да тече од 19.07.2016

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување, против Јане Николовски, шеф на стручниот штаб на ФК Хоризонт Турново АД Турново ,поради навреди и обид за напад кон првиот помошник судија, на бараж натпреварот ФК Хоризонт Турново АД Турново – ФК Пелистер АД Битола одигран на ден 25.05.2016 година на стадионот во Ѓорче Петров, по пријава од делегатот и главниот судија на натпреварот,пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од натпреварот делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот,помеѓу ФК Хоризонт Турново АД Турново – ФК Пелистер АД Битола одигран на ден 25.05.2016 година на стадионот во Ѓорче Петров, утврдува дека Јане Николовски, шеф на стручниот штаб на ФК Хоризонт Турново АД Турново ги навредувал судиите на натпреварот и неспортски се однесувал према главниот судија на натпреварот ,со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ , Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, и од причина што од направените прекршок не настанале и не биле предизвикани штетни последици, утврди дека постојат олеснителни околности и дека и со вака утврдена мерка може да се постигне целта на казнувањето, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Бранко Здравески**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Хоризонт Турново АД Турново**
**МАКФУДБАЛ**
**АРХИВА НА ФФМ**

Деловоден бр. 0801-784/8-1

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-784/9-1
19.07 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Бранко Здравевски – Претседавач, Дејан Бошков-член и Сабри Алими член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против Гиевски Јованчо преставник на ФК Љубанци 1974, на седницата одржана на ден 19.07.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Гиевски Јованчо преставник на ФК Љубанци 1974**, му се изрекува дисциплинска казна –**забрана на вршење на функција во траење од 1 (еден)месец.**

2. Казната почнува да тече од 19.07 .2016

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување, против Гиевски Јованчо преставник на ФК Љубанци 1974, поради неспортски однос и вулгарно однесување према главниот судија на натпреварот по пријава од делегатот и главниот судија на натпреварот,пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација. Врз основа на поднесената пријава, Записникот од натпреварот делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот,помеѓу ЗФК Новаци 2005-ФК Љубанци 1974,бараж натпревар за Втора МФЛ на 25.05.2016 година на Игралиште Градски стадион Кичево во 16.00 часот,утврдува дека Гиевски Јованчо преставник на ФК Љубанци 1974 неспортски и вулгарно се однесувал према главниот судија на натпреварот ,со што сторил прекршок предвиден во член 35 од ДП на ФФМ , Комисијата одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Бранко Здравевски с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Љубанци 1974**
**Подносител на пријавата – Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден бр. 0801-784/9-1

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 1102-301/12
22.07.2016 год.

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Кирил Естатиев – член, Раде Трајковски-член, на седницата од 22.07.2016 година, постапувајки по барањето на Акционерско друштво Фудбалски клуб Младост с. Царев Двор од Ресен , го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ УСВОЈУВА** барањето на Акционерско друштво Фудбалски клуб Младост с. Царев Двор од Ресен, со седиште на ул. Населено место без уличен систем с.Царев Двор со ЕМБС 7045654 и ЕДБ 4024015504910 за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2016/2017 во организација на ФФМ, бр. 1102-301/12 од 22.07.2016 година.

**2. СЕ ИЗДАВА УСЛОВНА ЛИЦЕНЦА** за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2016/2017 на Акционерско друштво Фудбалски клуб Младост с. Царев Двор од Ресен.

**3.** Издадената лиценца ќе биде **повлечена** доколку клубот :
- до извлекувањето за ждреб - 22.07.2016 не ја регулира делумно обврската за котизација за учество во натпреварување во Втора МФЛ
- до 05.08.2016 година не го уплати останатиот дел од утврдениот износ за учество во натпреварување во Втора МФЛ
- до 15.08.2016 година не уплати котизација за учество во натпреварување со млади категории

**4.** Доколку издадената условна лиценца се повлече до почеток на натпреварувањето, со право за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезоната 2016/2017 се стекнува клубот чија екипа остварила спортски резултат согласно утврдените правила во Пропозициите за ова натпреварување, поднела документација за лиценцирање и ги исполнила бараните критериуми.

**5.** Решението да се достави до Комисијата за натпревари на ФФМ за понатамошно постапување.

**6.** Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

**7.** Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 300,оо Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.300000159760 во Комерцијална банка Скопје.

8. Решението да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 22.07.2016 година, го разгледа барањето доставено од Акционерско друштво Фудбалски клуб Младост с. Царев Двор од Ресен, за добивање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2016/2017.

По разгледување на барањето и доставената документација во текот на постапката, Комисијата во поглед на исполнетоста на бараните критериуми за добивање на лиценца за учество во Втора МФЛ утврди исполнетост на инфраструктурните, персонално-административните и правните критериуми.

Во врска со исполнетоста на спортските и финансиските критериуми ја утврди следната фактичка состојба:

Спортски критериуми

Согласно одредбите на Правилникот за лиценцирање ,еден од спортските критериуми за добивање на лиценца е и учеството на клубот во натпреварувањето за млади категории со соодветен број на екипи за што е потребно регулирање на обврската за котизација за млади категории. Поради фактот дека рокот за регулирање на оваа обврска за барателот не е достасан комисијата одлучи исполнетоста на овој критериум во моментот на расправа да ја гледа условено односно учеството да се потврдува со доказ за измирена обврска за котизација.

Финансиски критериуми

Комисијата при утврдување на исполнетост на финансиските критериуми утврди дека на клубот барател во повеќе наврати му е укажано на неопходноста од регулирање на обврските кои се поврзани со исполнување на овој критериум. И покрај укажувањата, до одржување на седницата на Комисијата на 22.07.2016 година, клубот барател не доставил доказ ниту за регулирање на дел од обврската поврзана со котизацијата за натпревараувње во Втора МФЛ.

Со цел да му се овозможи на клубот уште една можност за натпреварување во Втора МФЛ, непречен почеток на првенството и понатамошно спортско натпреварување на клубот барател , Комисијата на седницата од 22.07.2016 година донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

**Комисија за лиценцирање на ФФМ**
Претседател,
Александар Најдовски

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 1102-301/13
25.07.2016 год.

Врз основа на член 23 став 1 алинеа в, член 65 став 5 од Статутот на ФФМ а во врска со член 9 став 1 и 3 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, Комисијата за лиценцирање во состав Александар Најдовски - Претседател, Кирил Естатиев – член, Раде Трајковски-член, на седницата од 25.07.2016 година, врз основа на решението бр. 1102-301/12 од 22.07.2016 годин, го донесе следната:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ПОВЛЕКУВА** УСЛОВНО ИЗДАДЕНАТА ЛИЦЕНЦА на Акционерско друштво Фудбалски клуб Младост с. Царев Двор од Ресен со седиште на ул. Населено место без уличен систем с.Царев Двор со ЕМБС 7045654 и ЕДБ 4024015504910 за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2016/2017 во организација на ФФМ, бр. 1102-301/12 од 22.07.2016 година.

**2.** Решението да се достави до Комисијата за натпревари на ФФМ за понатамошно постапување.

**3.** Решението стапува на сила со денот на донесувањето.

**4.** Против ова решение, подносителот на барањето има право да изјави жалба до Комисијата за жалби за лиценцирање преку Комисијата за лиценцирање, во рок од 3 дена од денот на прием на решението со уплата на такса во износ од 350,оо Евра во денарска против вредност на денот на уплатата на жиро сметка бр.3000001599760 во Комерцијална банка Скопје.

**5.** Решението да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## Образложение

Во врска со издаденото решение бр. 1102-301/12 за условена лиценца на Акционерско друштво Фудбалски клуб Младост с. Царев Двор од Ресен, Комисијата за лиценцирање на седницата одржана на 25.07.2016 утврди дека на ФК МЛАДОСТ Царев Двор АД - Ресен му е издадена лиценца со услов бр. 1102-301/12.

По насока издадена од Комисијата , Менаџерот за лиценцирање уредно го известил клубот барател дека барањето му е условно усвоено како и дека е потребно пред почеток на ждребот за натпреварување во Втора МФЛ како прв услов да ја регулира делумно обврската за котизација за учество во натпреварување во Втора МФЛ.

ФК МЛАДОСТ Царев Двор АД - Ресен не го исполнил, условот наведен во точка 3 алинеа 1 на диспозитивот на решението бр. за добивање на лиценца за учество во натпреварувањето во Втора МФЛ за сезона 2016/2017 поради што Комисијата донесе решение како во диспозитивот.

**Комисија за лиценцирање на ФФМ**
Претседател,
Александар Најдовски

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето
- Макфудбал
- Генерален Секретар на ФФМ
- Архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**